Министерството за финансии врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 и алинеја 5, став 3, став 4 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, број 14/20 и број 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, објавува

**ОГЛАС БРОЈ 11/2024 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

I.Министерството за финансии објавува оглас за вработување на 2 (две) лица на определено време, заради привремено зголемен обем на работа, за период од една година, на следните работни места и тоа:

**1. Виш соработник за анализа и проекции на макроекономски движења, Одделение за макроекономски модели и проекции, Сектор за економска политика и развој – (1 извршител);**

<u>Потребни квалификации:</u>
- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен општествени науки - економија и бизнис;
- најмалку две години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

<u>Распоред на работно време:</u>
- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

<u>Основна нето плата:</u> 32.332,00 денари.

**2. Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Струмица, во Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи– (1 извршител);**

<u>Потребни квалификации:</u>
- вишо/средно гимназиско образование и/или средно стручно образование;
- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
-


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**<u>Основна нето плата:</u>** 25.831,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да достават докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за бараното работно искуство; фотокопија од уверение за државјанство; фотокопија од доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и фотокопија од доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

II. Министерството за финансии објавува оглас за вработување на 1 (едно) лице на определено време, за работа на проект за период од пет години, на следното работно место и тоа:

**1.Негувател, Проектна единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-Детска градинка – (1 извршител)**

**<u>Општи услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:</u>**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е физички и психички здрав,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување

**<u>Посебни услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:</u>**

- четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште - општа насока, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште или средно фискултурно училиште;
- со или без работно искуство во струката;


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

- важечка лиценца за негователи;

**Распоред на работно време:**

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**Основна нето плата:** 24.728,00 денари

Заинтересираните кандидати треба да доставаат докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за бараното работно искуство, фотокопија од соодветната лиценца која се бара за работното место, фотокопија од уверение за државјанство, лекарско уверение од медицина на трудот како доказ за општата здравствена способност за работното место, потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија како доказ дека не е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, како и уверение за кривична евиденција издадено од Основен суд како доказ дека против лицето не се води кривична постапка, ниту е изречена пресуда за сторено кривично дело.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

На ковертот да се наведе бројот на огласот и бројот на работното место на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај“.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани за дополнителна селекција во просториите на Министерството за финансии.

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Верица Стоилова - тел. 02/ 3255 619; verica.stoilova@finance.gov.mk
Кимет Куртиши - тел. 02/ 3255 634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk